„Секој кој ќе ги сокрие недостатоците на друг роб во овој свет, Аллах ќе ги сокрие неговите на Судниот ден.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Секој кој ќе ги сокрие недостатоците на друг роб во овој свет, Аллах ќе ги сокрие неговите на Судниот ден.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснува дека нема муслиман кој ќе прикрие некој недостаток на неговиот брат, а на истиот Аллах да не му ги покрие недостатоците на Судниот ден, бидејќи, наградата е од ист вид како и делото. Аллаховото покривање може да значи сокривање на неговите недостатоци и гревови, без да ги обзнани пред луѓето на Судниот ден, а може и така што нема да го повика на одговорност за нив, ниту да го потсети на нив.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3777